Архивски број: 08-384/2
06-07-2023 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–384/1 од 01.06.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-384/1 од 01.06.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје **поради ненадлежност.**

### Образложение

Подносителката наведува дека од страна на Министерството за здравство и е одбиено барањето за продолжување на работниот однос и по исполнувањето на условите за остварување на пензија по основ на возраст. Таа е вработена во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство на работно место доктор на медицина специјалист примариус во оддел за општа гинеколошка хирургија. На неа во претходните две години и биле прифаќани барањата за продолжување на работниот однос и по навршување на 64 години возраст. По однос на последното барање првично на 03.02.2023 година и било изготвено позитивно решение од страна на директорот на наведената клиника, со кое и се дозволува да го продолжи работниот однос за уште една година. Потоа од страна на Министерството за здравство на 03.04.2023 година било донесено и доставено известување со кое не се одобрува продолжувањето на работниот однос, за веднаш потоа на 07.04.2023 година да се издаде одобрение од Министерството за продолжување на работниот однос. По таквиот след на настани, Министерството за здравство на 13.04.2023 година донело решение со кое го огласило за ништовно одобрението од 07.04.2023 година и го потврдило известувањето од 03.04.2023 година без притоа да го образложи решението односно изреката на истото. Ваквото решение подносителката го обжалила до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Подносителката наведува дека според неа ваквото не продолжување е од причини што таа работела со скратено работно време.

Комисијата од изнесените наводи во претставката утврди дека е опишано дејствие, односно повреда во врска со работен однос и евентуална повреда на управната постапка. Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање,

уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Оттука, Комисијата одлучи дека таквите наводни повреди не можат да се квалификуваат како дискриминација во смисла на членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, туку дека се предвидени други постапки за заштита во согласност со прописите кои ги уредуваат работните односи и здравствената заштита. Имено, согласно член 300 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на РМ" бр. 145/2012; 65/2013; 87/2013; 164/2013; 39/2014; 43/2014; 101/2014; 132/2014; 188/2014; 10/2015; 61/2015; 154/2015; 192/2015; 17/2016; 37/2016; 93/2017 и 20/2019 и „Службен весник на РСМ" бр. 101/2019; 153/2019; 180/2019; 275/2019; 275/2019; 77/2021; 122/2021; 178/2021; 150/2022 и 236/2022), *инспекциски надзор над примената на овој закон врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат, согласно со овој и друг закон.* Додека во согласност со Законот за општата управна постапка се предвидени други соодветни правни дејствија, односно правни лекови во врска со формални и материјални повреди на управната постапка.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на Комисијата